РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1461/2

19-11- г./V. 2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 55-та седница одржано на ден 17.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 1461/1 од 06.04.2021 година, доставена од страна на познат подносител -------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема надлежност за постапување поради тоа што пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи.

Предметот со број 12-1461/1 од 06.04.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител -----------------------------------------------, на ден 06.04.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-4061/1 од 29.10.2021 година, која претставува известување со кое подносителот известува повеќе институции во РСМ за постапувањето по доставена кривична пријава против две физички лица за постоење основано сомнение дека сториле кривични дела "Бесправна градба во Национален парк --------------" и "Узурпација на државно земјиште". Во конкретниот случај станува збор за кривична пријава која до јавната установа била поднесена од страна на ---------- ---- ---------- против други две физички лица ----------------------- ---- -------------- и ------------------ --- ---------------, двете од ------------, поради постоење основано сомнение дека сториле кривични дела "Бесправна градба во Национален парк ---------------" и "Узурпација на државно земјиште" и бесправна сеча на дрва, по која било постапено од страна на -------- и бил извршен увид на парцелите ------------------ во КО --------------, сите во зона на строга заштита, по што бил составен Записник за бесправно градење и сечење од 31.03.2021 година, во кој била изнесена фактичката состојба од лице место и фотографии од увидот.

Известувањето кое е доставено до ДКСК насловено е и до повеќе институции во РСМ и тоа до: Државен правобранител на Република Македонија - За подрачје -------- , Основно јавно обвинителство - --------- и Општина -------- - Општински инспекторат -Градежна инспекција.

При разгледувањето на предметната пријава/известување, ДКСК констатира дека од пријавените наводи не произлегува дека е загрозен јавниот интерес од страна на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и утврди дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : - Подносителот
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk